**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев 9а 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

Бр. 03-1386/2
22-11-2024
Скопје

Врз основа на член 70 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 456/2019 и Универзитетски гласник бр. 609/2022), и член 24 од Правилникот за условите, критериумите, правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје, на својата петнаесетта редовна седница одржана на 20.11.2024 година, донесе

# **О Д Л У К А**
## **за измена и дополнување на Академскиот календар на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје во академската 2024/2025 година**

### **Член 1**

Се врши измена и дополнување на Академскиот календар за активностите и неработните денови на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во академската 2024/2025 година.

### **Образложение**

Согласно одредбите од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 178/2021 и бр. 58/2024) факултетите се должни да го утврдат академскиот календар за активностите и неработните денови на секоја академска година.

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје, на својата дванаесетта редовна седница одржана на 4.7.2024 година го усвои Академскиот календар за активностите и неработните денови на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во академската 2024/2025 година. Но, се согледа дека во одредени ставки треба да се изврши измена и дополнување на Академскиот календар.

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје, на својата петнаесетта редовна седница одржана на 20.11.2024 година донесе Одлука за измена и дополнување на Академскиот календар за активностите и неработните денови на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во академската 2024/2025 година.

Врз основа на гореизнесеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Член 3**

Пречистениот текст на Академскиот календар за активностите и неработните денови на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во академската 2024/2025 година е составен дел на оваа Одлука.

Примерок од Одлуката и од Академскиот календар да се достави до продеканот за настава, до Раководителите на Катедрите, до Одделението за општи, правни работи и човечки ресурси, до Одделението за студентски прашања, до Одделението за библиотечно работење и до Архивата на факултетот и се објавува на веб страницата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Владимир Мартиновски